ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# С О О П Ш Т Е Н И Е
# ЗА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ КОИ НЕ СЕ ВРШАТ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ И ЗА КОИ ФОНДОТ НЕМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР СО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ПО РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ

Согласно Законот за здравствено осигурување и Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, доколку здравствените услуги не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита, а се вршат во приватните здравствени установи во Република Македонија со кои Фондот нема склучено договор истиот може да склучи рамковен договор со овие здравствени установи.

Со цел да се овозможи на осигурените лица правото на лекување во странство да го остварат и во приватни здравствени установи од болничка здравствена заштита во Република Македонија, Фондот Ве известува дека започна постапка за случување на договор со заинтересираните здравствените установи.

Со рамковните договори за здравствени услуги ќе се овозможи лекувањето во приватните здравствени установи во Македонија **доколку истите понудат поповолна цена за лекувањето за пациентите** кои инаку би се лекувале во странство. Рамковните договори за здравствени услуги се склучуваат врз база на понудените здравствени услуги од приватните здравствени установи. Листите на услуги постојано ќе се ажурираат во согласност со доставените понуди за нови здравствени услуги и во согласност со обезбедувањето на здравствените услуги во јавните здравствени установи.

Понудите за склучување на договор придружени со комплетна документација, се доставуваат **централната служба на Фондот за здравствено** осигурување на Македонија со назнака **„ Понуда за склучување на рамковен договор за здравствени услуги**“.

Текстот на понудата со потребната документација за склучување на нови договори е објавена на веб страницата на Фондот: **www.fzo.org.mk**.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР ВО БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА

1. Копија од конечно решение (дозвола за почнување со работа на здравствената установа), издадено од Министерство за здравство;
2. Тековна состојба на правното лице од Централен регистар,не постара од 30 дена со задолжителна пререгистрација во здравствени установи;

## ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА

1. Список на стручниот медицински кадар кој ќе ги извршува здравствените услуги од Листата на здравствени услуги Б кои се предмет на договорот;
2. Копија на последната важечка лиценца за стручниот медицински кадар